Архивски број: 08-78/1
Датум: 14-01-2026

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 759/1 од 28.10.2025 година, поднесена од ---- во име на ---- против ----, за заштита од сексуално вознемирување во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ПОВТОРЕНО ПОВЕЌЕКРАТНО СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на род, пол и лично својство во областа на јавно информирање и медиуми од страна на ---- врз ----.

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на род, пол и лично својство во областа на јавно информирање и медиуми од страна на ---- врз ----.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 28.10.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на ---- во име на ---- против ----.

Во претставката се наведува дека новинарката ---- во периодот од 10.9.2025 до 16.10.2025 година била жртва на сексуално вознемирување извршено преку четири јавни содржини со сексуализирани, понижувачки и омаловажувачки квалификации. Се работи за објави на социјални мрежи кои се јавно достапно и лесно споделливи, а преку кои воедно се дискредитира и нејзиниот професионален интегритет. Се потенцира дека фактот што се работи за јавни содржини ја зголемува штетата и ризикот од понатамошно ширење на спорните содржини, поради што со претставката се укажува на потенцијално повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација. Во продолжение се наведени спорните објави:

1. **<u>Објава на социјалната мрежа Facebook објавена на 10.9.2025 година од страна на ----на неговиот профил:</u>**

   *„НАЈАВА: Вечер, ОВДЕ, 22 часот Сексуална јебачина со напупинела во ----, а на ваша сметкорасписка!!! Вие гледате они се клецаат...“*

2. **<u>Статус на социјалната мрежа Facebook објавен на 10.9.2025 година од страна на</u> ---- <u>на неговиот профил:</u>**

*„---- И ---- ТЕРААТ БИЗНИС, ВОДИТЕЛИ СЕ КЛЕЦААТ ПО КЛОЗЕТИ!*

*Некогашните сексуални работнички кои се поституираа „на диво„ позади МРТВ, отидоа под стечај па во ликвидација, оти сексуални работнички платени со народни пари се вработија во ----!*

*Ем „ЏОНДА" даваат, ем мажите им тендери „тепаат" дома кеш се дели!*

*Таква сексуална работничка, камуфлирана во водителка на Утринска програма на ---- е ----. Сопруга му е во службениот живот на тендерашот ----, сопственик на ----, другарче на генералниот директор ----.*

*ОВА ПИНОЧЕ ВТОРИ Е ОД ----, КОЈ СЕБЕ ВО КОМУНИЗМОТ СЕ ВПИША ВО СТАТУТОТ НА ----, ДЕКА Е ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР Е ---- ГО НЕМА ВО СТАТУТ, АМА ГО ИМА ВО СИТЕ ТЕНДЕРИ, МИТО И КОРУПТИКА!*

*Да се вратам на ЈЕБАЧИНАТА:*

*Сексуална работничка, камуфлирана во водителка на Утринска програма на ----, ----, била затекната од воајери од кои врие низ ходинци и тоалети на ----, сред сексуален чин во КЛОЗЕТ! Имало елементи на љубав со друг водител, дошло до хемија со ---- и се закецале!*

*---- знае за оваа јебачина, па водителскиот и секс тандем ---- и ---- ги раздвоил и сега таа со работел налог е преместена на место уредник на Утринска програма, а ---- на позиција уредник на ---- и на спортска редакција...*

*Као демек, ги разделиле, всушност сега се кецаат по клозети!*

*Инаку, сопругот на сексуалната работничка ----, наназад години со неговата ---- „создал" маса копродукциски проекти со ----, се разбира свртел многу пари, а си бил редовен во исплата на провизија кон ----!*

*Да не им гладуваат децата на ---- и ----, генералниот секретар на Владата, ----, на крај на мај за некакви ФОТО и ВИДЕО УСЛУГИ ЗА ВЛАДАТА, кои на кумановски се викаат: „тресе се кур у ладну воду!" на ---- им трансферирале 23,5 милиони денари или околу 380. 000 евра...*

*Така да, ---- и ----, секвенца по секвенца, многу детално снимаат како се „тресе кур у ладну воду!" и за тоа ГРАЃАНИТЕ уредно си плаќаат, а претходно гласаат...*

*(ќе има још)“*

3. **<u>Статус на социјалната мрежа Facebook објавен на 13.10.2025 година од страна на</u> ---- <u>на неговиот профил:</u>**

*„СЕКСОТ, ---- НЕПРИЈАТЕЛ БР. 1*

*Не така одамна се занимавав со секс скандалот во ----, меѓу сопругата на еден копродуцент и бизнис партнер на генералниот директор, ----и спортистот ----. Ама, секс куплерајот ниту почнал ниту ќе заврши со нив двајца во оваа јавна куќа викана СЕРВИС! Сексот е традиција во ----.*
*Заменикот ---- милувал позната дама од малите екрани , ама на сред јебачина ги затекнала ниту крива ниту должна, чистачката, па заради тоа тешко кривично дело казниво без прошка – добила отказ! Дене денес се чудат колегите на ---- како можела чистачката спротивно на КЗ да стори кривично дело „затекнување при ебење, со прекинување сред сексуален чин“. Оправдано е избркана од работа, вакво кривично дело не се проствува...*

*---- го следеле шефот и поранешен уредник на --------, ама тој бил доволно умешен во сексуалното општење со колешка, па не бил затекнат од ниедна чистачка, па ова тешко кривично дело немало потреба да биде приметено. Сега ---- е директор на некаков музеј за култура во ----, далеку од Нашата земја, во време кога смени, апсења, притворања, „мирисаат во воздухот“ во ----.*
*Своја метреса, интимна пријателка си имал и претходникот на ----, неговиот колега ----. Дочекал шанса својата љубов од млади денови да ја прошета на сметка на ----по егзотични дестинации. На народна сметкорасписка, разбира се...*

*Па, како што е ред, бидејќи сите овие три „интимни пријателки“ подоцна станале и уреднички. На сите три им е заедничко тоа што како новинарки – репортерки јавноста не ги памети. Доаѓаат или од Бек Стејџ или Утринска Програма, а една од нив доаѓа директ од бизнис фелата – имала бутик за гаќи и дуги видови долен веш. Тоа се критериумите за напредок во ----. Единствено, се издвојува една секс афера која подоцна била крунисана со брак, по црногорскиот принцип „Ко први девојци, његова девојка, ко последњи његова жена.“*

*Ама, во ---- има и друг вид на проблеми!*
*----, сопруга на уредникот на ----, ----, се научи да уредува вести, шефувањето си го донесе од дома, ама си има проблем – факултет никако да заврши. Па така ---- си има уредничка со Средна Стручна Спрема, резистентно/нерезистентно населена на оваа функција, уредничка КОЈА И КОГА ГРЕШИ Е ВО ПРАВО. Доказите за грешките се покриваат на едноставен начин. Ако Тв Дневникот во*

*кој се појавила и лупала глупости вознемирува некој фактор, од веб страната на ---- се брише! А во межувреме стигнуваат деманти од Народна Банка, нервозни јавувања од Белата Палата, а и се стресуваат ----, ---- и ----...*

*Тоа што од портир па нагоре сите вртат глава од што им е непријатно, не е причина уредничката ---- гордо и победнички да си гази и понатаму. Оперирана е од срам! Дури гласно прашувала кој тоа нејзе и нешто и забележал!?*
*Колку јас што сум информиран се намножија дописници еве да и помогнам на ----:*

*„Многу се намножија битни забележувачи, толку многу што не можам да постигнам да ги набројам.*
*Дописниците на ---- не можат да постигнат да ми ги достават сите глупости кои ги имаш истрескано, оти им нема крај! И овие кои ги објавив, се доволно за да види публиката што плаќа со свои пари. Не е коректно ---- тоа што твоите соработници отворено ги нарекуваш дека се глупи, неработници, неспособни, дека во живот не си работела во ваква одвратна средина, сепак признај си дека на друго место не би имала шанса да наредуваш со прсте високо кренато и на друго место не би можела да извикуваш:*

*КАКО ЌЕ КАЖАМ ЈАС, ТАКА ЌЕ БИДЕ!*

*Недрага ----, не е убаво тоа што клеветиш колеги кај повисокото раководство, што измислуваш туѓи пропусти, не е убаво што се закануваш со дисциплински мерки, оти така си создаваш бројни непријатели. А не е страшно да згрешиш еднаш, страшно е тоа што ти постојано грешиш, а заради мажот ти ---- кој потпишува каде што ќе му се покаже да потпише, мораат да те тинторат, а грешките да ти ги проствуваат како да си малолетна или малоумна...*

*Грешат ---- и други. Има пример на уште една твоја колешка на која и се проствува од претпоставените кога не знае од која врата влегла во студио, па од камермани до реализатори се распаметуваат и не знаат што да прават со неа, па и се проствува кога вестите доцнат поради тоа што по папучи влегла во студио ТВ Дневник да води или изведува чудни, лоѓо смислени егзибиции пред студио. На таа твоја колешка и се проствува, ама таа иако сите знаат дека е докажана патолошка лажга, сепак е културна, со домашно воспитание и за тебе дама. Не е како ---- чија нежна душа се растреперила по објавениот скандал со ебачот ----. За неа малку ми е криво, оти мажот бил мачо маж додека другарите му не прочитале дека не е, а женатаму ---- да ти била водечка љубовцика во ----...„*
*Поздрав од ----, ќе има још...*
*п.с. ПИТАЊЕ: и вечерва ли фудбалот МАКЕДОНИЈА-КАЗАХСТАН ќе биде криминално реализиран ПРИВАТНО, преку ---- на скијачот ----, а ---- ќе си плати?“*

4. **Статус на социјалната мрежа Facebook објавен на 16.10.2025 година од страна на ---- на неговиот профил:**

*„---- СТАНА ТВ МРАК*
*Од синоќа е мрачен, многу темно „обоен„ тв екранот кога чекате да видите „вестии„ на ----...*
*Сосема е логичен овој технички колапс, бидејќи имаат директор на техника со незавршен факултет по менаџмент. Таков имале таков туриле...*
*Па ноќеска генералниот директор ----, пазарел кадар по Скопје, по другите ТВ ИНКИ,* ***да му изнајмат кадар да може јебачица*** *----* ***да води*** *----, а со сопругот да продолжат копродукциски да крадат...*
*Се разбира дека мачната потрага по мојот дописник - ТРАЕ!“*

Во претставката се појаснува контекстот на овие објави, односно дека се работи за серија сексуализирани алузии („јебачина“, „кецаат по клозети“ и сл.) и постојано понижување на ---- како жена – новинарка/ ТВ лице. Во претставката е интегрирана и лична изјава на жртвата:

*„Јас, ----, новинарка/ ТВ презентерка, во периодот од 10.9 – 16.10 бев поимено и повторно изложена на сексуализирани и понижувачки објави на социјални мрежи. Овие содржини создадоа силно чувство на вознемиреност и страв, нарушувајќи го моето достоинство и углед, со директно влијание врз мојата работа и избегнување јавни појавувања. Поради јавната достапност и лесното споделување, чувствувам несигурност и ризик од натамошни напади и омаловажувања. Го овластувам ---- да постапува во мое име и да ги приложи соодветните докази.“*

Поради наведеното ---- предлага Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да утврди соодветна форма на дискриминација кон ----, да издаде препорака за отстранување на повредата и да го следи нејзиното исполнување. Во прилог кон претставката беа доставени докази, и тоа принтскринови од спорните објави, тековна состојба на здружението и полномошно од ----.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на чл. 27, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за произнесување по претставката до ----. Имајќи предвид дека поштенската достава не беше уредна, писменото беше доставено со електронска достава на мејл адресата на ----.

Во одговор на Барањето за произнесување, ---- наведе „no comment“.

По разгледување на претставката и увид во објавите на социјалната мрежа Facebook, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го утврди следното:

Контекстот и содржината на сите четири пријавени објави од профилот на ---- на социјалната мрежа Facebook се поврзани и насочени кон дискредитирање на ----. Во истите се користат изрази како „сексуална јебачина со напупинела“, „кецаат по клозети“, „сексуална работничка, камуфлирана во водителка“ „јебачица“, кои се адресирани кон жена новинарка/водителка. Користењето на вулгарни и експлицитно сексуални изрази на социјалните медиуми претставува несакано постапување, додека фактот што истите таргетираат жена го квалификува истото како сексуално вознемирување. Таквите изрази ја сведуваат жртвата на сексуален објект, со што директно се нарушува нејзиното достоинство, професионален интегритет и јавен углед, имајќи предвид дека се работи за жена новинарка. Фактот што со објвите се таргетира жена и се темели на сексуализирани и родово стереотипни квалификации и говор укажува на родовата димензија на вознемирувањето. Иако слободата на изразување е заштитено право, сепак не е апсолутна. Кога изразувањето, без разлика што е на социјални медиуми, преминува во навреда, понижување и сексуално вознемирување, тоа претставува злоупотреба на слободата на изразување. При тоа, особено се цени фактот што профилот на пријавениот е од отворен карактер, има голем број следбеници, прегледи, коментари, реакции, коментари и споделувања. Со тоа се зголемува штетата, постои можност за засилување на чувството на понижување и психолошките последици кај жртвата. Истото е евидентно и од изјавата на жртвата што е дадена во прилог на претставката.

Поради вака утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во случајот утврди:

**Сексуално вознемирување од член 10, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**: *„Сексуално вознемирување е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

**Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:** *„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.“*

При утврдувањето на дискриминаторските основи, покрај родот и полот, беше земена предвид и професијата на жртвата, со што е опфатена и дискриминаторската основа лично својство. Ова укажува на постоење на **повеќекратна дискриминација**, која согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација се квалификува како потежок облик на дискриминација. Дополнително, во случајот се работи за повеќе објави со кои се таргетира истата жртва врз овие дискриминаторски основи, што

укажува на **повторена дискриминација**, која исто така се квалификува како потежок облик на дискриминација.

**Потешки облици на дискриминација согласно член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** се повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---- да јасно и недвосмислено да ѝ се извини на ---- за стореното вознемирување јавно на социјалната мрежа Facebook, односно на истата платформа каде што го сторил вознемирувањето, **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---- во иднина да се воздржува од изјави, постапки и дејствија со кои врши сексуално вознемирување, како и да се воздржи од ширење на сексистички говор на социјалните медиуми.

**Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака**, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ----
- ----
- ----